# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

| | |
|---|---|
| Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров Излегува по потреба | 29 Јануари 2021 година Скопје<br>Бр.1 Год. XVI |

www.opstinagpetrov.gov.mk kontakt@opstinagpetrov.gov.mk

Издавач: Општина Ѓорче Петров
ул.Ѓорче Петров бр.73
Уредува: Одделение за нормативно-правни работи и работа со Советот
тел. 02/2039-307 ; 02/2039-308
фах. 02/2033-309

***Содржина:***


1. Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2021 година ............................стр.2
2. Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2021 година ...............................................стр.17
3. Одлука употреба на електронски комуниикациски средства при заседавање на советот и неговите постојани и повремени комисии и тела за време на вонредна и кризна состојба ..............................................................................................................................................стр.19
4. Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2) ......................................стр.22
5. Одлука за одобрување кофинансирање на Проект "Реконструкција на различни улици во урбаното општинско подрачје во општина Ѓорче Петров" во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2) ..........................................................................стр.24
6. Одлука за одобрување кофинансирање на Проект Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-Кучково, општина Ѓорче Петров ..............................................................................................................................стр.26
7. Одлука за давање согласност за започнување на ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на РЦУК-Карпош од сите ризици и опасности .........................................................стр.28
8. Одлука за давање согласност на ЈОУДГ Росица за помал односно поголем број на деца во група ......................................................................................................................................стр.30


**Јануари 2021 година**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за работа на советот**
**на општина Ѓорче Петров за 2021 година**

**Се објавува Програмата за работа на советот на општина Ѓорче Петров за 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесеттата седница, одржана на ден 29.01.2021 година.**

**Број 09-224/1**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 16 став 1 точка 13 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр. 18/2013), Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19) и точка 139 од Деловникот за работа на советот на општина Ѓорче Петров („Службен гласник на општина Ѓорче Петров“ бр. 12/2006), советот на општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 29.01.2021 година, донесе:**

**ПРОГРАМА**
**за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров**
**за 2021 година**

## I. Период Јануари - Март

**1. Предлог-Програма за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров за 2021 година;**

**Предлагач: Координативно тело**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни и работи и работа со Советот**

**2. Предлог-Буџетски календар на Општина Ѓорче Петров за 2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**3. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**4. Предлог-Одлука за измена на Одлуката за извршување на Буџетот за 2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**5. Извештај за извршување на Буџетот за 4-то тромесечие од 2020 година (во текот на месец Февруари);**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**6.** **Разгледаување на полугодишните Извештаи за работата на основните училишта и ЈОУДГ „Росица“ во Општина Ѓорче Петров;**

- **ООУ „Ѓорче Петров“;**
- **ООУ „Мирче Ацев“;**
- **ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски“;**
- **ООУ „Страшо Пинџур“;**
- **ООУ„ Тихомир Милошевски“;**
- **ООУ „Јоаким Крчоски“;**
- **ЈОУДГ„ Росица“**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ „Ѓорче Петров“;**
**ООУ „Мирче Ацев“;**
**ООУ „Димитар.П Г.-Беровски“;**
**ООУ „Страшо Пинџур“;**
**ООУ„ Тихомир Милошевски“;**
**ООУ „Јоаким Крчоски“;**
**ЈОУДГ„ Росица“**

**7.** **Годишен Извештај за реализација на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година (период 01.01.-31.12. 2020 година) до 15-ти Март;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**8.** **Предлог-Завршна сметка за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2020 година. (до 15-ти Март);**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**9.** **Разгледување и усвојување на завршен Извештај за реализирани програми усвоени од советот на општина Ѓорче Петров за 2020 година (до 31-ви Март)**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за нормативно правни работи, општи работи, дејности од јавен интерес и работа со Совет, Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**10.** **Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 15**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**11. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 13**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**12. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 24 БЛОК СЗ24.01, БЛОК СЗ24.02 И БЛОК СЗ24.04**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**13. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ЧЕТВРТ СЗ 03 БЛОК 3**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**14. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

## II . Период Април - Јуни

**1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот I-квартал (период 01.01.-31.03..2021 година);**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**2. Предлог - Одлука за ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПС ЗА СЕЛО ОРМАН, БЛОКОВИ 11,12,13,14,15.1,15.2, 16 И 17;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**3. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 16:**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**4. Предлог- Одлука за донесување на УПС ЗА СЕЛО ВОЛКОВО**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**5. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 12**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**6. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 06:**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**7. Предлог - Одлука за Донесување на Изменување и дополнување на УПВНМ Веле Поле - Блок 7**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**8. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ЧЕТВРТ СЗ 03 БЛОК 8**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**9. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

## III. Период Јули – Септември

**1. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 24:**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**2 . Предлог - Одлука за донесување на ДУП за Гратска четврт: СЗ 14;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**3. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП СЗ 05 БЛОК СЗ 05.01**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**4. Предлог- Одлука за донесување на УПС ЗА СЕЛО НИКИШТАНЕ;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**5. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**6. Предлог-Одлука за доделување награди, пофалници и признанија на учениците и наставниците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров во 2021 година;**

**Предлагач: Комисија за образование, наука, социјална, здравствена и заштита на деца**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**7. Квартален Извештај за извршување на Буџетот II-квартал (период 01.01.-30.06.2021 година);**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**8.** **Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Мирче Ацев" за учебната 2020/2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Мирче Ацев**

**9.** **Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Ѓорче Петров"за учебната 2020/2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Ѓорче Петров**

**10.** **Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Димитар Поп Георгиев-Беровски" за учебната 2020/2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Димитар Поп Г.Беровски**

**11.** **Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Страшо Пинџур" за учебната 2020/2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Страшо Пинџур**

**12.** **Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Јоаким Крчовски" за учебната 2020/2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ООУ Јоаким Крчовски**

**13.** **Годишен Извештај за реализација на Програмата за работа на ООУ „Тихомир Милошевски" за учебната 2020/2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ОУ Тихомир Милошевски**

**14.** **Извештај за работа на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „РОСИЦА" - Скопје за периодот 2020/2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: ЈОУДДГ„ Росица"**

**15.** **Предлог -Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Мирче Ацев" за учебната 2021/2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**16. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Ѓорче Петров" за учебната 2021/2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**17. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Димитар Поп Георгиев Беровски" за учебната 2021/2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**18. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Страшо Пинџур" за учебната 2021/2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**19. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Јоаким Крчовски" за учебната 2021/2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**20. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на ООУ „Тихомир Милошевски" за учебната 2021/2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**21. Предлог-Одлука за усвојување на Годишна Програма за работа на Јавната општинска установа за деца - Детска градинка „РОСИЦА" - Скопје за период 2021/2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

**22. Предлог-Одлука за доделување Годишна награда „Ѓорче Петров“ во 2021 година;**

**Предлагач: Комисија за спорт, млади, награди и признанија**
**Изготвувач: Одделение за нормативно-правни работи и работа на Советот**

## IV. Период Октомври - Декември

**1. Квартален Извештај за извршување на Буџетот III-квартал (период 01.01.-30.09.2021 година) (месец Октомври);**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**2. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 25:**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**3. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 27:**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**4. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 05 (БЛОКОВИ СЗ05.02,СЗ05.03,СЗ 05.04,СЗ 05.05):**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**5. Предлог - Одлука за Донесување на ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СЗ 09 (ЕДЕН БЛОК)**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**6. Предлог- Одлука за донесување на изменување и дополнување на УПВНМ ВЕЛЕ ПОЛЕ, БЛОКОВИ 3,4,5,6,7,8,9,10,11,12,13 И 14)**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**7. Предлог- Одлука за донесување на изменување и дополнување на УПВНМ КЛУЧКА СТОПАНСКИ ДВОР, УЕ „А“,УЕ „Б“ -БЛОК 6 И УЕ „В“**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**8. Предлог- Одлуки за прифаќање на иницијативи од правни и физички лица со барања за изменување на постојна планска документација или донесување на нови различни плански документи, технички исправки и проектни документации и водење постапка за нивно донесување;**

**Предлагач: Комисија за урбанизам**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**9. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**10. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор за 2022 година ;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**11. Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**12. Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и подршката на невладиниот сектор за 2022 година ;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**13.** **Извештај за реализација на Програмата за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**14.** **Предлог-Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**15.** **Извештај за реализација на Програмата за предучилишно воспитание и образование за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**16.** **Предлог-Програма за предучилишно воспитание и образование за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**17.** **Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2021 година,, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**18.** **Предлог-Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на образованието за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**19.** **Извештај за реализација на Програмата за еднакви можности на жените и мажите за 2021 година,, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**20.** **Предлог-Програма за еднакви можности на жените и мажите за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за јавни дејности**

**21.** **Извештај за реализација на Програмата за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за подршка на Градоначалник**

**22. Предлог-Програма за меѓународна соработка на општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за подршка на Градоначалник**

**23. Извештај за реализација на Програмата за протоколарни активности и востановени традиционални активности на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за подршка на Градоначалник**

**24. Предлог-Програма за протоколарни активности и востановени традиционални активности на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Одделение за подршка на Градоначалник**

**25. Извештај за реализација на Програмата за урбано планирање „Ф“ на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**26. Предлог-Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**27. Извештај за реализација на Програмата за комунални дејности на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**28. Предлог-Програма за комунални дејности на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**29. Извештај за реализација на Програмата за локални патишта, сервисни и станбени улици на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**30. Предлог-Програма за локални патишта, сервисни и станбени улици на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**31. Извештај за реализација на Програмата за Јавна чистота на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**32. Предлог-Програма за Јавна чистота на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**33. Извештај за реализација на Програмата за изградба и одржување на јавни објекти на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**34. Предлог-Програма за изградба и одржување на јавни објекти на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности**

**35. Извештај за реализација на Програмата за животна средина на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**36. Предлог-Програма за животна средина на Општина Ѓорче Петров 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**37. Извештај за реализација на Програмата за чист воздух на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**38. Предлог-Програма за чист воздух на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**39. Извештај за реализација на Програмата за оддржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**40. Предлог-Програма за оддржување и развој на јавно осветлување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**41. Извештај за реализација на Програмата за подршка на Локален Економски Развој на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**42. Предлог-Програма за подршка на Локален Економски Развој на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**43. Извештај за реализација на Програмата за заштита, спасување и кризи на општина Ѓорче Петров за 2021 година, за период од 01.01.-30.09.2021 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**44. Предлог-Програма за заштита, спасување и кризи на општина Ѓорче Петров за 2022 година;**

**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за економски одржлив развој**

**45. Предлог-Измена и дополна на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2021 година (Ребаланс);**

**Предлагач: Градоначалник**
**ИОзготвувач: Сектор за финансиски прашања**

**46. Предлог-Одлука за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотација на основните училишта во Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски Прашања**

**47. Предлог-Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

**48. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2022 година;**
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

**49. Предлог-Одлука за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2022 година;**
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

**50. Предлог-Одлука за доделување еднократна парична помош на семејствата со новороденче на подрачјето на Општина Ѓорче Петров во 2022 година;**
**Предлагач: Градоначалник**
**Изготвувач: Сектор за финансиски прашања**

**Програмата е отворена и во текот на годината може да се дополнува со нови точки.**

**Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-136/3**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Буџетски календар на општина Ѓорче Петров**
**за 2021 година**

**Се објавува Буџетскиот календар на општина Ѓорче Петров за 2021 година, што советот на општина Ѓорче Петров го донесе на Педесеттата седница, одржана на ден 29.01.2021 година.**

**Број 09-224/2**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 ), член 27 став 4 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и 244/19), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 29.01.2021 година, донесе**

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР**
**за 2021 година**

| Ред. број | АКТИВНОСТИ | Месеци во годината |
|---|---|---|
| 1. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува буџетскиот календар | Јануари |
| 2. | Градоначалникот подготвува општински буџетски циркулар со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2022 г. до сите организациони единици на општината, како и до сите буџетски корисници, т.е. Општински јавни установи | До 30 Јуни |
| 3. | Сите организациони единици и буџетски корисници ги доставуваат финансиските планови и предлог пресметки за наредната година со образложение за висината на износите по позиции, како и извори на приходи | Најдоцна до 20-ти Септември |
| 4. | Министерството за финансии доставува Циркулар-насоки за подготвување на Буџетите на единиците на локална самоуправа за наредната година | Најдоцна до 30-ти Септември |
| 5. | Секторот за финансиски прашања подготвува проценка на вкупните приходи, ги разгледува, анализира и усогласува буџетските барања и финансиските планови и го известува Градоначалникот за основните параметри | до 15-ти Октомври |
| 6. | Градоначалникот организира собири со граѓаните по Месни и Урбани заедници, на кои се истакнуваат проблемите и потребите на граѓаните | од 01-ви до 10-ти Октомври |
| 7. | Секторот за финансиски пашања го изготвува Предлог-буџетот и го доставува до Градоначалникот на разгледување и одобрување | до 10-ти Ноември |
| 8. | Градоначалникот го претставува Предлог-буџетот на јавноста - граѓаните, Месни и Урбани заедници, медиум и т.н. | До 30-ти Ноември |
| 9. | Градоначалникот доставува конечна верзија на Предлог-буџет за наредната година до Советот на општината | Најдоцна до 10-ти Декември |
| 10. | Советот на општина Ѓорче Петров го усвојува Предлог-буџетот за наредната година | Најдоцна до 31 Декември |

**Буџетскиот календар за 2021 година влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-136/4** **Совет на општина Ѓорче Петров**
**од 29.01.2021 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за употреба на електронски комуниикациски средства при заседавање на советот и неговите постојани и повремени комисии и тела за време на вонредна и кризна состојба**

**Се објавува Одлуката за употреба на електронски комуниикациски средства при заседавање на советот и неговите постојани и повремени комисии и тела за време на вонредна и кризна состојба, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесеттата седница, одржана на ден 29.01.2021 година.**

**Број 09-224/3**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02), а во врска со член 62 и 63 од Деловникот за работа на советот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 12/06), советот на општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 29.01.2021 година, донесе**

## О Д Л У К А
## За употреба на електронски комуниикациски средства при заседавање на советот и неговите постојани и повремени комисии и тела за време на вонредна и кризна состојба

### Член 1

**Седниците на советот и неговите постојани и повремени комисии и тела, може да се свикаат и со нив да се раководи со употреба на електронски комуникациски средства како што се телефон или конференциска врска, со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки во услови на вонредна и кризна состојба.**

### Член 2

**Во случај на спреченост или отсуство на претседателот на советот или на претседателот на постојано или повремено работно тело, поради заболување или постапување согласно здравствени прописи за време на епидемија, седниците на советот и работните тела ги своикува и со нив раководи најстариот член на советот односно работното тело.**

### Член 3

**При одржувањето на седниците на советот и неговите постојани и повремени комисии и тела со употреба на електронски комуникациски средства, поканите со дневниот ред и материјалите за седниците се доставуваат на службените електронски адреси на членовите на советот и неговите комисии и тела, или на алтернативна функционална електронска адреса која истите се должни да ја достават на претседателот на советот и општинската администрација.**

### Член 4

**Гласањето на седниците на советот и неговите комисии при употреба на електронски комуникациски средства се одвива по пат на поименично изјаснување на секој од членовите на советот и неговите комисии и тела кои се присутни на електронски одржаната седница.**

**Спроведувањдето на поименичното гласање се одвива за секој акт посебно.**

**Административните служби поединечно ги читат имињата на членовите на советот и неговите комисии и тела, по што секој посебно се изјаснува за својот глас дали е ЗА, ПРОТИВ или ВОЗДРЖАН.**

**Член 5**

**За текот на седниците одржани преку електронски коникациски средства административните служби изготвуваат записници кои се чуваат во архивата на општината.**

**Член 6**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08-136/5**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2)**

**Се објавува Одлуката за долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2), што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесеттата седница, одржана на ден 29.01.2021 година.**

**Број 09-224/4**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа (Сл. весник на Р.М. бр.5/02), член 47 од Законот за Град Скопје (Сл. весник на Р.М. бр.55/04, и 158/11), член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа(Сл.весник на Р.С.М бр.61/04, 69/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18), член 4 од Законот за јавен долг (Сл.весник на РСМ бр. 62/05, 88/08, 35/11, 139/14 и 98/19), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 29.01.2021 година, донесе**

## О Д Л У К А
## За долгорочно домашно задолжување на општина Ѓорче Петров во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (МСИП2)

**Член 1**

**Со оваа Одлука се уредува долгорочно домашно задолжување на Општина Ѓорче Петров, кое ќе се оствари преку потпишување на Договор за под-заем со Министерството за финансии, во рамки на средствата обезбедени со Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка, во висина на 43.454.818,00 денари, а со цел финансирање на капитален инвестициски проект: "Реконструкција и изградба на различни улици во урбаниот дел на општина Ѓорче Петров".**

**Член 2**

**Задолжувањето ќе се реализира по пат на домашно долгорочно позајмување преку проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународна банка за обнова и развој-Светска банка, под следнице услови:**

- **каматна стапка: шестмесечен ЕУРИБОР со варијабилен распон**
- **рок на отплата: 12 години со вклучен грејс период од 3 години**
- **последниот датум на отплата на заемот нема да биде подоцна од месец 09/2033 година.**

**Член 3**

**Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08- 136/6**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување кофинансирање на Проект "Реконструкција на различни улици во урбаното општинско подрачје во општина Ѓорче Петров" во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2);**

**Се објавува Одлуката за одобрување кофинансирање на Проект "Реконструкција на различни улици во урбаното општинско подрачје во општина Ѓорче Петров" во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2), што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесеттата седница, одржана на ден 29.01.2021 година.**

**Број 09-224/5**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.Весник на РМ’ бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 29.01.2021 година, донесе**

**О Д Л У К А**
**за одобрување кофинансирање за реализација на проектот “Реконструкција на различни улици во урбаното општинско подрачје во општина Ѓорче Петров” во рамки на Вториот проект за подобрување на општинските услуги (MSIP2)**

**Член 1**

**Со оваа Одлука се одобрува кофинансирање на инвестиција во висина 4,256,685.00 МКД или 9% од вкупната инвестицијата потребна за реализација на проектот:”Реконструкција на различни улици во урбаното општинско подрачје во општина Ѓорче Петров”**

**Член 2**

**Овој проект ќе се реализира со средствата обезбедени од Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, во висина од 43,454,5818.00 МКД или 91% од вкупното чинење на инвестицијата.**

**Член 3**

**Инвестиционата вредност на целиот проект изнесува 47,711,503.00 МКД, од кои 43,454,818.00 МКД ќе бидат обезбедени од Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој-Светска банка, а остатокот средства во висина од 4,256,685.00 МКД ќе се обезбедат од Буџет на општина Ѓорче Петров за 2021год., од Програма ФА, Потпрограма 480 123-реконструкција на улици во урбаното подрачје;**

**Член 4**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров“.**

**Број 08- 136/7**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за одобрување кофинансирање на Проект Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-Кучково, општина Ѓорче Петров**

**Се објавува Одлуката за одобрување кофинансирање на Проект: Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-Кучково, општина Ѓорче Петров, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесеттата седница, одржана на ден 29.01.2021 година.**

**Број 09-224/6**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа ("Сл.Весник на РМ' бр.05/2002) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 29.01.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување кофинансирање на проектот:**
**"Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-Кучково, општина Ѓорче Петров"**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобрува кофинансирање на инвестиција во висина од 484.099,18 денари (со вклучени 18% ДДВ) или 10% кофинансирање во реализација на проектот: "Мапирање на рекреативна велосипедска и пешачка патека со поставување на вертикална сигнализација-Кучково, општина Ѓорче Петров".

**Член 2**

Овој предлог проект ќе се реализира со средства од Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија/Биро за Регионален Развој, од Програмата за Регионален Развој за 2021год., а кој произлезе од првиот регионален форум за идентификација, приоретизирање и подготовка на проекти за финансирање од Министерство за локална самоуправа/Биро за регионален развој, по одржаниот Совет на градоначалници на ЦРСПР.

**Член 3**

Средствата за кофинансирање во реализацијата на овој инфраструктурен проект во висина од 484.099,18 денари се обезбедени од Програмата капитални расходи за уредување на простор во рурално подрачје за 2021 година FD, Потпрограма FD0, Ставка 482120.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".

Број 08- 136/8
од 29.01.2021 година
Скопје

Совет на општина Ѓорче Петров
Претседател,
Илија Спасовски с.р.

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност за започнување на ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на РЦУК-Карпош од сите ризици и опасности**

**Се објавува Одлуката за давање согласност за започнување на ажурирање на Процената на загрозеност на подрачјето на РЦУК-Карпош од сите ризици и опасности, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесеттата седница, одржана на ден 29.01.2021 година.**

**Број 09-224/7**
**од  29.01.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член 22 став 1 точка 10, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 05/02 ), член 45, став 3 од Законот со управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" бр.29/05, 36/11,41/14,104/15,39/16 и 83/18), и член 9, член 11 и член 146 од Уредбата за методологија за изработка на процената на загрозеност на безбедноста на Република Македонија од сите ризици и опасности, нејзината содржина и структура, начинот на чување и ажурирање, како и определувањето на субјектите во системот за управување со кризи на кои им се доставува целосна или извод од Процената („Службен весник на Република Македонија" бр.13/2011),член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 29.01.2021 година, донесе**

**О Д Л У К А**
**за давање согласност за започнување на ажурирање на Процената**
**на загрозеност на подрачјето на РЦУК-Карпош**
**од сите ризици и опасности**

**Член 1**

**Со оваа Одлука советот на општина Ѓорче Петров дава согласност за започнување на постапка за изработка на процена на загрозеност на подрачјето на РЦУК-Карпош.**

**Процената ја изработува Регионалниот центар за управување со кризи-Карпош во организиран процес на постојана комуникација, координација и размена на податоци, иформации и документи помеѓу регионалниот центар и субјектот од системот за управување со кризи – лицето определено за извршување на задачи за заштита и спасување при општина Ѓорче Петров.**

**Член 2**

**Процената за загрозеноста на подрачјето на општина Ѓорче Петров се ќе се изработува во РЦУК-Карпош, во два идентични примероци, од кои едниот останува во регионалниот центар, а другиот во Центарот за управување со кризи.**

**Член 3**

**Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08- 136/9** — **Совет на општина Ѓорче Петров**
**од 29.01.2021 година** — **Претседател,**
**Скопје** — **Илија Спасовски с.р.**

**Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), градоначалникот на општина Ѓорче Петров донесе**

**РЕШЕНИЕ**

**за објавување на Одлука за давање согласност на ЈОУДДГ „Росица"- Ѓорче Петров – Скопје за помал односно поголем број на деца во група**

**Се објавува Одлуката за давање согласност на ЈОУДДГ „Росица"- Ѓорче Петров – Скопје, што советот на општина Ѓорче Петров ја донесе на Педесеттата седница, одржана на ден 29.01.2021 година.**

**Број 09-224/8**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

**Врз основа на член член 36 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/02), член 64 став 5 од Законот за заштита на децата (Службен Весник на Р.М. бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Сл. Весник на РСМ." 104/19, 146/19 и 275/19), а согласно Одлуката за пренесување на основачките права над постојните јавни установи за деца-детски градинки на општините во Градот Скопје и пренесување на правото на сопственост на објектите (Службен весник на Р.М. бр. 51/05), член 16 став 1 точка 37 од Статутот на општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарните одлуки за измена и дополнување на Статутот на општина Ѓорче Петров (Службен гласник на општина Ѓорче Петров број 13/14 и 3/19), советот на Општина Ѓорче Петров на 50-тата седница одржана на ден 29.01.2021 година, донесе**

## О Д Л У К А
**за давање согласност за помал односно поголем број на деца во групи во ЈОУДДГ„Росица"-Ѓорче Петров-Скопје за 2021 година**

**Член 1**

**Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, може во групите да има помал број на деца во групи додека се на сила мерките за спречување и ширење на пандемија Ковид -19 за 2021 година, односно поголем број на деца во групи по престанување на примената на мерките за спречување и ширење на пандемија Ковид -19 за 2021 година.**

**Член 2**

**Јавна општинска установа за деца-детска градинка „Росица"-Ѓорче Петров-Скопје, за прием на помал, односно поголем број на деца во групи, потребно е да формира комисија и да утврди критериуми, согласно мерките за спречување и ширење на пандемија Ковид -19 и Законот за заштита на децата.**

**Член 3**

**Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Ѓорче Петров".**

**Број 08-136/10**
**од 29.01.2021 година**
**Скопје**

**Совет на општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**